Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-7850/14
15.09.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
15-09. 2026 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 04- 7850/14

Врз онова на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА

## за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за одржување на имот на министерството-Сектор за општи работи

1. За работното место **Раководител на одделение за Одделение за одржување на имот на министерството-Сектор за општи работи** во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **Мераљ Џељил Ајрула.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што Министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-7850/8 од 07.09.2026 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 03/2026 објавен на 26.08.2026 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, на ден 14.09.2026 година спроведе административна селекција и на ден 14.09.2026 година спроведе интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-7850/9 од 14.09.2026 година и Записник од спроведено интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлука за вработување број 04-7850/11 од 14.09.2026 година.

Врз основа на финалната ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлуката за вработување, Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Надица Шерковска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

